**ПРЕВОД**

# Европски парламент

2019-2024 година

**УСВОЕНИ ТЕКСТОВИ**

## P9_TA(2022)0213

## Извештај за Северна Македонија за 2021 година

**Резолуција на Европскиот парламент од 19 мај 2022 година за Извештајот на Комисијата за Северна Македонија за 2021 година (2021/2248(INI))**

*Европскиот парламент,*

– имајќи го предвид Договорот за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји-членки, од една страна, и Република Северна Македонија, од друга страна[1],

– имајќи ја предвид апликацијата на Северна Македонија за членство во Европската Унија од 22 март 2004 година,

– имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) 2021/1529 на Европскиот парламент и на Советот од 15 септември 2021 година за воспоставување на Инструментот за претпристапна помош (ИПА III) [2],

– имајќи ги предвид заклучоците на Европскиот совет од 19-20 јуни 2003 година и Солунската агенда за Западен Балкан,

– имајќи ја предвид одлуката на Европскиот совет од 16 декември 2005 година за доделување на Северна Македонија кандидатски статус за членство во ЕУ,

– имајќи ги предвид заклучоците на Европскиот совет од 28 јуни 2018 година,

– имајќи ги предвид заклучоците на Европскиот совет од 17-18 октомври 2019 година,

– имајќи го предвид Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Бугарија и Северна Македонија, потпишан на 1 август 2017 година и ратификуван во јануари 2018 година,

– имајќи го предвид Конечниот договор за решавање на разликите како што е опишано во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на ОН, раскинувањето на Времената спогодба од 1995 година и воспоставувањето стратешко партнерство меѓу Грција и Северна Македонија на 17 јуни 2018 година, познат и како Преспански договор,

---

[1] OJ L 84, 20.3.2004, стр. 13.
[2] OJ L 330, 20.9.2021, стр. 1.

– имајќи ги предвид заклучоците на Советот од 5 јуни 2020 година за унапредување на соработката со партнерите од Западен Балкан во областа на миграцијата и безбедноста,

– имајќи ги предвид заклучоците на Советот од 18 јуни 2019 година, 25 март 2020 година и 14 декември 2021 година за процесот на проширување и стабилизација и асоцијација,

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 5 февруари 2020 година со наслов „Зајакнување на процесот на пристапување – кредибилна перспектива на ЕУ за Западен Балкан“ (COM(2020)0057),

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 29 април 2020 година под наслов „Поддршка на Западен Балкан во справувањето со ковид-19 и постпандемиското закрепнување“ (COM(2020)0315),

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 24 јули 2020 година со наслов „Акционен план на ЕУ 2020-2025 за контрола на трговијата со огнено оружје“ (COM(2020)0608),

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 6 октомври 2020 година под наслов „Економски и инвестициски план за Западен Балкан“ (COM(2020)0641),

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 14 април 2021 година за Стратегијата на ЕУ за справување со организираниот криминал 2021-2025 (COM(2021)0170),

– имајќи ја предвид комуникацијата на Комисијата од 19 октомври 2021 година со наслов „Комуникација за политиката за проширување на ЕУ за 2021 година“ (COM(2021)0644) и приложениот работен документ на службата на Комисијата со наслов „Извештај за Северна Македонија 2021“ (SWD(2021)0294),

– имајќи ја предвид Конвенцијата на Советот на Европа за перење, претрес, одземање и конфискација на приходи стекнати со криминал и за финансирање на тероризам,

– имајќи го предвид конечниот извештај од 2 октомври 2020 година на Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР) на набљудувачката мисија за изборите на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) за предвремените парламентарни избори во Северна Македонија од 15 јули 2020 година и нејзиниот конечен извештај од 25 март 2022 година за локалните избори одржани на 17 и 31 октомври 2021 година,

– имајќи го предвид мислењето на Венецијанската комисија од 18 октомври 2021 година за предлог-законот за вонредна состојба и нејзините претходни мислења,

– имајќи ги предвид самитите ЕУ-Западен Балкан одржани во Софија, Загреб и Брдо при Крањ во 2018, 2020 и 2021 година, како и нивните соодветни декларации,

– имајќи го предвид Самитот во Софија од 10 ноември 2020 година, вклучително и Декларацијата за заедничкиот регионален пазар и Декларацијата за зелената агенда за Западен Балкан,

– имајќи ја предвид Декларацијата од Софија на самитот ЕУ-Западен Балкан од 17 мај 2018 година и приложената приоритетната агенда од Софија,

– имајќи го предвид 8-иот Самит на Берлинскиот процес од 5 јули 2021 година,

– имајќи ја предвид завршната декларација на 8-иот Форум на граѓанското општество на Западен Балкан од 1 октомври 2021 година,

– имајќи го предвид Специјалниот извештај на Европскиот суд на ревизори 01/2022 од 10 јануари 2022 година со наслов „Поддршка на ЕУ за владеењето на правото во Западен Балкан: и покрај напорите, основните проблеми остануваат нерешени“,

– имајќи ја предвид својата резолуција од 24 октомври 2019 година за отворање на пристапните преговори со Северна Македонија и Албанија[3],

– имајќи ја предвид својата препорака од 19 јуни 2020 година до Советот, Комисијата и потпретседателот на Комисијата / Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика за Западен Балкан, по самитот во 2020 година[4],

– имајќи ја предвид својата резолуција од 25 ноември 2020 година со наслов „Зајакнување на слободата на медиумите: заштита на новинарите во Европа, говор на омраза, дезинформации и улогата на платформите“[5],

– имајќи ја предвид својата резолуција од 15 декември 2021 година за соработка во борбата против организираниот криминал во Западен Балкан[6],

– имајќи ја предвид својата резолуција од 9 март 2022 година за странско мешање во сите демократски процеси во Европската унија, вклучително и дезинформации[7],

– имајќи ги предвид своите претходни резолуции за Северна Македонија,

– имајќи го предвид членот 54 од својот Деловник,

– имајќи го предвид извештајот на Комисијата за надворешни работи (A9-0133/2022),

A. со оглед на тоа што интеграцијата во ЕУ ги претставува аспирациите на граѓаните на Северна Македонија кон демократија и просперитет и служи како моќен катализатор за реформи кои го подобруваат квалитетот на животот и функционирањето на државните институции и придонесуваат за економски раст и регионална соработка; со оглед на тоа што изгледите за членство засновано на заслуги на Северна Македонија е од политички, безбедносен и економски интерес на самата Унија;

Б. со оглед на тоа што Северна Македонија е доверлив партнер, затоа што продолжи да остварува доследен напредок на својот пат кон членство во ЕУ и ги исполни и продолжува да ги исполнува условите потребни за отворање на пристапните

---

3 OJ C 202, 28.5.2021, стр. 86.
4 OJ C 362, 8.9.2021, стр. 129.
5 OJ C 425, 20.10.2021 година, стр. 28.
6 Усвоени текстови, P9_TA(2021)0506.
7 Усвоени текстови, P9_TA(2022)0064.

преговори, истовремено целосно усогласувајќи се со надворешната и безбедносната политика на ЕУ, вклучително и со санкциите кон Русија;

В. со оглед на тоа што ЕУ мора да обезбеди јасна патека за земјите кои сакаат да се приклучат на ЕУ;

Г. со оглед на тоа што Северна Македонија е земја кандидат од 2005 година; со оглед на тоа што Комисијата континуирано препорачува отворање на пристапните преговори од 2009 година и земјата покажува предаденост и посветеност на својот пат кон пристапување во ЕУ, што резултираше со одлуката на Советот од 26 март 2020 година за отворање на пристапните преговори;

Д. со оглед на тоа што Преспанскиот договор и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка се историски договори кои претставуваат модел за стабилност и помирување низ целиот Западен Балкан и благодарение на нив е подобрен духот на добрососедските односи и регионалната соработка;

Ѓ. со оглед на тоа што Северна Македонија одржува стабилно и одлучно темпо во спроведувањето на реформите на ЕУ, со акцент на фундаменталните прашања, и треба да продолжи со реформскиот моментум и да продолжи да покажува најдобри резултати во однос на демократската транзиција низ регионот на Западен Балкан;

Е. со оглед на тоа што злоупотребата на процесот на пристапување за решавање на културните и историските спорови поставува опасен преседан за идните процеси на пристапување и го загрозува кредибилитетот, влијанието и трансформативната моќ на Унијата;

Ж. со оглед на тоа што членството во НАТО означува јасен чекор кон поголема стабилност, интероперабилност и одбранбена интеграција во евроатлантската заедница;

З. со оглед на тоа што ЕУ останува целосно посветена на поддршката на стратешката цел на Северна Македонија за интеграција во ЕУ заснована на владеење на правото и добрососедски односи и останува убедливо најголем трговски и инвестициски партнер на Северна Македонија досега и најголем давател на финансиска помош, особено преку инструментот ИПА III, Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан и макрофинансиската помош; вклучувајќи ја и значителната поддршка за справување со пандемијата ковид-19;

Ј. со оглед на тоа што европската интеграција е ефективен надворешнополитички инструмент кој придонесува за промовирање на мирот и ширење на темелните вредности на ЕУ, како што се почитувањето на демократијата, човековите права, владеењето на правото и слободата на изразување;

К. со оглед на тоа што злонамерното директно и посредно мешање и дезинформациите од странство имаат за цел да предизвикаат раздор, насилство и меѓуетнички тензии и да го дестабилизираат целиот регион;

1. Ја потврдува својата јасна поддршка за посветеноста на Северна Македонија кон демократијата и владеењето на правото која се темели на нејзината стратешка проевропска ориентација, непоколебливата посветеност на европските вредности, реформите поврзани со ЕУ и процесот на интеграција во Унијата, како и добрососедските односи и инклузивната регионална соработка;

2. Жали што Советот официјално не ги отвори долгоочекуваните пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија; ја нагласува својата целосна солидарност и сочувство за граѓаните на тие земји и смета дека овој неуспех, кој го нарушува ставот на јавноста кон ЕУ и претставува сериозна опасност за политиката на проширување на ЕУ во целина, е штетен за угледот на ЕУ како доверлив партнер и сериозен геополитички актер; ги охрабрува Бугарија и Северна Македонија да го решаваат својот културно-историски спор одвоено од процесот на пристапување на Северна Македонија и веднаш да одобрат организирање на првата меѓувладина конференција, бидејќи Северна Македонија ги исполни сите официјални критериуми;

3. Ја потврдува геостратешката важност на Северна Македонија и на целиот регион на Западен Балкан и нивната иднина во рамките на ЕУ; ги потсетува земјите-членки дека политиката за проширување мора да се заснова на објективни критериуми; повторува дека политиката на проширување на ЕУ е најефективниот инструмент на надворешната политика на Унијата и дека целосната интеграција на Западен Балкан е во интерес на ЕУ од политички, безбедносен и економски аспект, како геостратешка инвестиција во стабилна и просперитетна Унија; нагласува дека официјалниот почеток на пристапните преговори ќе биде инвестиција во кредибилитетот на ЕУ, како и во стабилноста, просперитетот и тековните процеси на помирување во регионот;

4. Ја повикува ЕУ да преземе конкретни чекори за интеграција на Западен Балкан во еден поширок стратешки и безбедносен контекст, кој ги вклучува и безбедносните импликации од руската агресија врз Украина, можното руско влијание во регионот и злонамерните активности кои сакаат да ја поткопаат политичката стабилност и интеграцијата во ЕУ на земјите од Западен Балкан; потсетува на трансформативната природа на пристапните преговори што треба да се водат според ревидираната методологија за проширување;

5. Потсетува дека Европската унија е заснована на напорите за надминување на регионалните спорови и проблематичното минато со цел да работи кон подобра, помирна и просперитетна иднина; ги повикува Бугарија и Северна Македонија брзо да постигнат договор за решавање на билатералните прашања со цел да се спречат понатамошни одложувања и пречки во процесот на пристапување;

6. Го повикува Советот да покаже целосна политичка посветеност на проширувањето и да го забрза темпото и да го зајакне кредибилитетот на интеграцијата во ЕУ со официјално започнување на пристапните преговори со Албанија и Северна Македонија, особено имајќи го предвид геостратешкиот контекст на односите со Русија и нејзината агресија врз Украина, со оглед на тоа што и двете земји ги исполнија неопходните услови и испорачаа трајни резултати, вклучително и во основните области;

7. Ја поздравува Северна Македонија заради нејзиниот постојан напредок на патот кон членство во ЕУ, нејзината посветеност на спроведувањето на Охридскиот рамковен договор во процесот на обезбедување мултикултурализам и меѓуетничка хармонија, како и нејзините континуирани позитивни и доследни напори за решавање на билатералните прашања; го поздравува стратешкиот пристап кон реформите поврзани со ЕУ, вклучително и во рамките на агендата „Европа дома“ и Националната програма за усвојување на правото на ЕУ;

8. Нагласува дека темпото на пристапување во ЕУ треба да зависи од напредокот во правилното функционирање на демократските институции засновано на владеењето на правото, доброто владеење и основните права; ја поздравува Северна Македонија за нејзините континуирани напори за зајакнување на владеењето на правото, независноста на судството и правата на малцинствата, борбата против корупцијата и организираниот криминал, реформата на јавната администрација и консолидирањето на слободата на медиумите; ја охрабрува земјата да ги одржи и интензивира овие напори;

***Функционирање на демократските институции***

9. Го поздравува фактот што Северна Македонија продолжува да покажува најдобри резултати за демократска транзиција во регионот на Западен Балкан, со значително подобрување на транспарентноста, политичкиот дијалог и изборниот плурализам;

10. Ги поздравува сите напори за намалување на поларизацијата и зајакнување на конструктивниот политички дијалог и ги охрабрува политичките партии да играат поконструктивна улога во овој поглед, што ќе помогне во зајакнувањето на демократските институции преку понатамошно подобрување на нивното владеење, интегритет и одговорност;

11. Ја потврдува потребата од одржување на конструктивен ангажман меѓу владата и опозицијата и широк меѓупартиски консензус за реформите поврзани со ЕУ, преку натамошно зајакнување на законодавните, надзорните и буџетските капацитети на Собранието на Северна Македонија; ја поздравува континуираната меѓупартиска политичка посветеност на Северна Македонија на дијалогот Жан Моне (ЖМД), зајакнувањето на способноста на политичките лидери да развијат вистински меѓупартиски дијалог и да изградат консензус неопходен за создавање доверба и демократска парламентарна култура; ги повикува законодавците брзо да ја спроведат заложбата за ревидирање на својот Деловник преземена во рамките на ЖМД и да го интензивираат дијалогот со Европскиот парламент и националните парламенти;

12. Ја поздравува зголемената транспарентност и отчетност на Собранието и го охрабрува да го подобри квалитетот на законодавството, вклучително и преку спроведување на соодветни консултации и проценки на влијанието за клучните закони, и колку што е можно повеќе да ја ограничи употребата на брзите постапки и да ја ублажи парламентарната поларизација; ја поздравува меѓупартиската поддршка за донесување на закони за спречување и заштита од дискриминација, насилство врз жените и семејно насилство, како и измените на законот за правата на детето;

13. Ја нагласува потребата од финализирање на изборните реформи на навремен, транспарентен и инклузивен начин во согласност со препораките на Канцеларијата на ОБСЕ за демократски институции и човекови права (ОДИХР) и на Венецијанската комисија; го поздравува непреченото и конкурентно спроведување на локалните избори на 17 и 31 октомври 2021 година, кои се одржаа на слободен и фер начин;

14. Ги повикува политичките партии во Северна Македонија да ја подобрат транспарентноста во финансирањето на партиите и да ја подобрат конкурентната внатрепартиска демократија и интегритет;

15. Повикува на континуирани реформи насочени кон одговорна јавна администрација заснована на заслуги, со зголемена професионална независност и подобрени линии на одговорност, кон поедноставена институционална рамка и координација помеѓу службите во однос на интеграцијата во ЕУ и сродните реформи, кон поедноставени административни постапки и подобрено локално управување; ги признава чекорите преземени за зголемување на ефикасноста и квалитетот на услугите и за елиминирање на корупцијата преку дигитализација;

16. Го поздравува фактот што пописот на населението во 2021 година беше спроведен во согласност со соодветните стандарди на ОН и статистичкото законодавство на ЕУ, што треба да доведе до подобрено донесување одлуки засновано на докази; го поздравува објавувањето на резултатите од пописот и со нетрпение очекува нивна примена во креирањето политики;

17. Повикува на преземање понатамошни чекори за да се обезбеди системска одговорност на јавните институции преку значајни консултации со јавните засегнати страни и го поздравува напредокот постигнат досега во оваа област;

18. Ја повикува Владата на Северна Македонија да обезбеди соодветно финансирање и доследно спроведување на одлуките и препораките на независните тела и агенции, како што е Народниот правобранител;

19. Го поздравува формирањето на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и нејзината тековна работа; ја повикува владата да ги распредели потребните средства за да и овозможи целосна функционалност;

***Медиумите и граѓанското општество***

20. Потсетува на потребата од понатамошно усогласување, на инклузивен и транспарентен начин, на правната рамка за онлајн и офлајн медиуми во согласност со правото на ЕУ и стандардите на ЕУ, во соработка со професионалните здруженија, граѓанското општество и експертите со цел да се зајакне нивната независност од политичко, приватно и друго надворешно мешање, обезбедувајќи транспарентност на сопственоста, финансиската одржливост и саморегулацијата; ја повикува Владата на Северна Македонија да одвои доволно средства за да се осигура професионализацијата и независноста на јавниот радиодифузен сервис;

21. Ги повторува своите повици да се преиспитаат правилата за државното финансирање на медиумите и медиумското рекламирање на политичките партии во со цел да се обезбеди конкурентна и правична распределба на јавното финансирање и да се обезбеди фер конкуренција и уредувачка независност;

22. Го охрабрува брзото донесување на мерки за зајакнување на уредувачката и финансиската независност, непристрасноста и професионалноста на јавните радиодифузни сервиси и медиумските регулаторни тела и ја поздравува тековната модернизација на овие две тела;

23. Повикува на спроведување на мерки кои ја зголемуваат безбедноста на медиумските работници и кои нудат одговор на обидите за нивно заплашување; ја нагласува важноста од примена на пристап на нулта толеранција за заплашување, закани и насилство врз новинарите; наведува дека сите такви обиди треба да бидат

истражени и кривично гонети, како и да се подобрат условите за работа на новинарите со цел да се обезбеди квалитетно новинарство;

24. Потсетува на потребата од зајакнување на независното истражувачко новинарство, непристрасната проверка на фактите и медиумската писменост како средства за справување со говорот на омраза, дезинформациите и кампањите за странско мешање, кои се интензивираа за време на вонредната состојба предизвикана од ковид-19 и војната на Русија против Украина; ја нагласува важноста на институционалната соработка во воспоставувањето ефикасна рамка за справување со манипулативните дезинформации; повикува на засилени напори за да се осигураат медиумскиот плурализам и независност и за поттикнување на медиумска средина во Северна Македонија ослободена од надворешни влијанија и погодна за професионална медиумска етика; изразува поддршка за промоција на медиумите и културниот плурализам со цел да се поттикне културната свест и размена и да се подобри меѓусебното разбирање;

25. Ги поздравува напорите на владата за зголемување на вклученоста на граѓанското општество и повикува на усвојување рамка за да се обезбеди финансиска одржливост на граѓанските организации, вклучително и оние кои ги застапуваат и бранат правата на различните етнички заедници; потсетува дека се потребни дополнителни напори за да се обезбеди понавремен, позначаен и транспарентен консултативен процес со граѓанското општество во овој поглед; ги поздравува позитивните примери на синергија помеѓу граѓанското општество и институциите, како што е формирањето на Интерпартиската парламентарна група за правата на ЛГБТИ+ заедницата;

***Фундаментални права***

26. Ги препознава подобрувањата во обезбедувањето на правата на жените и родово-одговорните политики; го поздравува донесувањето на законот за спречување на насилството врз жените и семејното насилство и ја охрабрува земјата да го подобри спроведувањето на националниот акционен план за спроведување на одредбите од Истанбулската конвенција; ја повикува Северна Македонија да продолжи со сите напори насочени кон родовата еднаквост и правата на жените, меѓу другото, со давање предност на родовата интеграција и поинтензивна соработка со граѓанското општество, особено со женските организации;

27. Ја повикува Северна Македонија да преземе чекори за да обезбеди соодветна застапеност на жените на сите позиции на одлучување и да вложи дополнителни напори за да го реши недоволното спроведување на правата на жените и прашањето на родовите стереотипи, родовата нерамнотежа и родовиот јаз во платите на работната сила; укажува на големите родови разлики во однос на учеството и квалитетот на работата, недоволното постапување во однос на сексуалното вознемирување на работното место, дискриминацијата во законските одредби поврзани со породилното отсуство и на недостатокот на предучилишни и дневни капацитети; ги признава измените на Законот за правата на детето и завршувањето на процесот на деинституционализација;

28. Ги охрабрува тековните чекори за понатамошно зајакнување на довербата меѓу заедниците и во функционирањето на мултиетничкото општество и демократијата, притоа потсетувајќи на важноста од одбрана на правата на сите заедници и ефикасно справување со сите случаи на дискриминација; ја охрабрува владата да

обезбеди еднаква уставна заштита на правата на сите етнички заедници, онаму каде што е соодветно преку законски измени, и да го заштити и промовира нивното културно наследство, јазици и традиции преку еднаков, инклузивен и недискриминаторен пристап до образованието и медиумите;

29. Ги повикува властите да подготват нова стратегија за справување со прашањата со кои се соочува ромската заедница, заменувајќи ја претходната стратегија која истече во 2020 година и да ја преиспитаат одлуката за намалување на буџетот посветен на интеграцијата на Ромите, кој всушност треба да се зголеми;

30. Го поздравува успехот на втората парада на гордоста, организирана во Скопје, во 2021 година; го повикува Собранието на Северна Македонија итно да донесе национален акциски план за ЛГБТИ+ прашањата и да обезбеди распределба на доволно ресурси за негова имплементација; ги повикува сите политички актери да го изменат Законот за матична евиденција и да обезбедат брзо и непречено правно признавање на полот врз основа на самоопределување;

31. Повикува за понатамошни подобрувања во спроведувањето на правата на лицата кои припаѓаат на малцинствата, вклучително и правото на самоидентификација и инклузивно интеркултурно образование; ја нагласува важноста од ажурирање и усвојување на законите за образование кои имаат за цел да ги отстранат дискриминаторските и стигматизирачкате содржини и кои се усогласени со Законот за спречување и заштита од дискриминација;

32. Ја нагласува потребата за понатамошен напредок за да се обезбеди почитување на правата на лицата со попреченост; го поздравува механизмот за следење на спроведувањето на Конвенцијата за правата на лицата со попреченост воспоставен во Канцеларијата на Народниот правобранител; ја нагласува потребата за борба против дискриминацијата, директна и индиректна, со која се соочуваат лицата со попреченост, како резултат на бариерите од инфраструктурна природа, недостатокот на информации и услуги, дискриминаторските ставови и социјалната исклученост; ги повикува властите брзо да го завршат процесот на деинституционализација; нагласува дека се неопходни соодветни ресурси и инфраструктура за одржување на потребната социјална заштита и гарантирање на пристојни услови за живот на лицата со посебни потреби во Северна Македонија;

33. Ги повикува надлежните органи систематски да ги спречат и гонат сите случаи на говор на омраза, злосторства од омраза и заплашување, темелно да ги истражат нападите поврзани со тоа и да ја гарантираат безбедноста и сигурноста на нивните цели, како што се новинарите, лицата кои припаѓаат на малцинствата и другите ранливи групи; го повторува својот повик до надлежните органи да ги подобрат институционалните капацитети за спречување и борба против говорот на омраза, криминалот од омраза и дискриминацијата по која било основа во согласност со меѓународните стандарди;

34. Ги повикува сите политички актери да ставаат крај и да го осудат говорот на омраза, кампањите за оцрнување и вознемирувањето на независните граѓански организации и ги повикува надлежните органи да применат пристап на нулта толеранција за заплашување, закани и дела на насилство врз новинарите и бранителите на човековите права и да се погрижат сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата;

35. Загрижен е за големиот пораст на дезинформации и дискриминаторски говор против ЛГБТИ+ лицата и бранителите на човековите права во медиумите и политичкиот дискурс; го осудува вознемирувањето, говорот на омраза, злосторствата од омраза и смртните закани упатени кон ЛГБТИ+ лицата и бранителите на нивните права и бара целосна истрага и санкционирање на овие инциденти;

36. Потсетува на потребата да се засили независниот надзор над полицијата, да се спречи и да се обезбеди одговорност за полициската неказнивост кон маргинализираните заедници, како што се Ромите, и да се подобри третманот на притворениците и затворските услови преку целосно спроведување на соодветните препораки;

37. Ги поздравува тековните напори на властите на Бугарија и Северна Македонија да изградат односи со почит засновани на взаемна доверба, зближување и поблиски контакти меѓу луѓето; силно ја осудува запаливата реторика и повикува на зајакнување на меѓусебните напори за спречување и кривично гонење на сите случаи на говор на омраза и злосторства од омраза врз основа на национално или етничко потекло;

38. Го поздравува членството на Северна Македонија во Меѓународната алијанса за сеќавање на холокаустот;

39. Потсетува на потребата од отворање на архивите на југословенската тајна служба (УДБА) и тајната служба на Југословенската народна армија (КОС) низ целиот регион со цел темелно да се истражат и да се решат злосторствата и криминалните организации од времето на комунизмот; зазема став дека транспарентното постапување со тоталитарните злосторства, вклучително и отворањето на овие архиви, е чекор кон понатамошна демократизација, одговорност и институционална сила;

40. Ја повикува Унијата да ја засили својата поддршка за хуманитарна помош и управување со границите во регионот, на начин што целосно ги почитува основните права; ги поздравува напорите направени од Северна Македонија да прими бегалци и конструктивната улога што земјата продолжува да ја игра во управувањето со нерегуларната миграција; го повторува својот повик до земјата да го подобри пристапот до условите за азил и условите за прием и да воспостави соодветен систем за управување и регистрација на миграцијата; потсетува на потребата од систематски пристап во борбата против трговијата со луѓе и нерегуларната миграција, ја поздравува меѓународната соработка во овој поглед и забележува дека договорот за статусот со Европската гранична и крајбрежна стража (Фронтекс) сè уште не е потпишан поради отворените билатерални прашања;

***Владеење на правото***

41. Ја нагласува потребата, и покрај тоа што го признава постигнатиот напредок, да се поттикнат реформите за владеењето на правото како столб на демократската трансформација, обезбедувајќи правна сигурност, транспарентност, пристап до правда и недискриминација;

42. Ја повикува Комисијата да ги спроведе препораките од Специјалниот извештај на Европскиот суд на ревизори 01/2022 за да се осигура дека финансиската помош на

ЕУ за Западен Балкан има ефективно влијание врз владеењето на правото, вклучително и во Северна Македонија;

43. Ги поздравува понатамошните чекори за консолидирање на досегашната евиденција за истрага, гонење и судење случаи на корупција и организиран криминал, вклучително и на високо ниво, и зајакнување на независните надзорни институции и судски системи;

44. Потсетува дека измените на кривичниот законик треба да ги опфатат, меѓу другото, одредбите за насилство врз жените, економски криминал, перење пари, корупција, конфискација на имот и ширење на дезинформации и треба да ја засилат борбата против организираниот криминал, вклучително и нелегалната сеча на дрва;

45. Ја нагласува потребата од натамошно унапредување на судските реформи, а со тоа и зајакнување на институционалната независност, финансирање, квалитет, координацијата и транспарентноста на судството и функционирањето на неговите тела на самоуправа; ги повикува политичките сили брзо да се договорат за именување судии на Уставниот суд за да се овозможи негово правилно функционирање;

46. Го поздравува постигнатиот значителен напредок и ги поддржува мерките кои се применуваат во борбата против корупцијата и организираниот криминал, како што се оние според антикорупцискиот план „Акција 21", вклучително и преку проактивните истраги спроведени од Државната комисија за спречување на корупцијата и Обвинителот за организиран криминал и корупција, во кои приоритет се дава на пресудите и конфискацијата на имотот стекнат со кривични дела во случаи од високо ниво; ги повикува земјите-членки да ја подобрат прекуграничната судска соработка со земјите од Западен Балкан во кривичната материја со целосно почитување на правото на ЕУ за заштита на податоците;

47. Повикува да се финализира реформата во безбедносниот и разузнавачкиот сектор, со што ќе се обезбеди независност на секторот и значаен парламентарен надзор; повикува на ажурирање на механизмот за заштита на укажувачите, подобрувајќи ја усогласеноста и имплементацијата на Директивата на ЕУ за укажувачи[8] и Препораката на Советот на Европа CM/Rec(2014)7 за заштита на укажувачите и да се гарантира ефективно спроведување на неодамна изменетиот Закон за лобирање;

48. Ја нагласува важноста од продолжување на утврдувањето правна одговорност, вклучително и во сите поголеми судски случаи поврзани со злоупотреба на службената должност, полициска неказнивост, корупција, нападите во Собранието на Северна Македонија во 2017 година, нелегалното прислушување и изнуда;

49. Ја нагласува важноста од спроведување на конзистентни и проактивни истраги, гонење и правосилни пресуди во случаите на корупција од високо ниво;

50. Повикува на преземање решителна акција за борба против перењето пари и финансискиот криминал преку засилена координација, вклучително и со Европол, притоа целосно усогласување со правото на ЕУ во областа на заштитата на

---

[8] Директива (ЕУ) 2019/1937 на Европскиот парламент и на Советот од 23 октомври 2019 година за заштита на лицата кои пријавуваат прекршување на правото на Унијата (OJ L 305, 26.11.2019, стр. 17).

податоците и почитувањето на истите; повикува на зајакнување на капацитетот на органите за спроведување на законот за борба против организираниот криминал, тероризмот и радикализацијата; ги повикува властите да ја усвојат и имплементираат потребната легислатива за да ја регулираат активноста на Канцеларијата за наплата на средства и да ја подобрат ефикасноста на националниот систем за враќање на средства;

51. Го поздравува континуираниот напредок постигнат досега, кој треба да доведе до системски подобрувања во справувањето со трговијата со луѓе, дрога, огнено оружје и стоки, како и против сајбер криминалот и надзорот, насилниот криминал, екстремизмот и терористичките закани; ги поздравува истрагите и тековната билатерална и меѓународна соработка за разбивање на транснационалните криминални мрежи, вклучително и со меѓународните агенции и агенциите за правда и внатрешни работи на ЕУ, како што се Европравда, Европол и Фронтекс, кои ја интензивираа акцијата против трговијата со луѓе, дрога и нелегално оружје и опасноста од радикализација; ја забележува политичката, оперативната и логистичката поддршка на Северна Македонија за Фронтекс и службите за гранична и крајбрежна стража на земјите-членки; ја повикува Северна Македонија да ја зајакне својата отпорност на хибридни закани, дезинформации и лажни вести; изразува жалење за сајбер нападите извршени врз институциите во земјата;

***Социо-економски реформи***

52. Ги забележува сериозните економски и социјални последици од кризата ковид-19 и изразува поддршка за мерките преземени од властите за заштита на јавното здравје и ублажување на социо-економското влијание на кризата, вклучително и доброто искористување на значителната поддршка обезбедена од ЕУ во форма на финансиска помош, медицинска опрема и вакцини; го поздравува побрзо од очекуваното закрепнување на Северна Македонија во 2021 година и зголемениот економски раст;

53. Препорачува Северна Македонија да продолжи да презема мерки за подобрување на деловната клима и инфраструктурата според Планот за финансирање за забрзување на растот, борба против даночната евазија, модернизација на образованието, зголемување на опфатот на социјалното осигурување, унапредување на дигиталната трансформација и реформи на енергетските и транспортните пазари, во дополнување на краткорочните мерки за ублажување на влијанието на пандемијата и зголемувањето на цените на енергијата и храната;

54. Ги поздравува чекорите преземени за воведување на директно персонално оданочување засновано на прогресивни стапки; го забележува враќањето на моделот на рамен данок; ја охрабрува владата да го модернизира даночниот законик за да стави поголем фокус на прогресивните стапки на доходот и оданочувањето на имотот и факторите на животната средина, со цел да се произведе доволна вредност за спроведување на социјалните реформи и борба против нееднаквоста;

55. Ги охрабрува властите да ја намалат сиромаштијата и социјалната исклученост преку подобрување на универзалниот пристап до социјалните, образовните и здравствените услуги, особено за обесправеното население и ранливите групи;

56. Ја охрабрува Северна Македонија да продолжи да напредува во спроведувањето на реформите поврзани со младите и образованието; повикува на ревизија на Законот

за средно образование преку инклузивен процес кој вклучува експерти, практичари и граѓанското општество, посветувајќи особено внимание на правата на учениците со попреченост;

57. Ја охрабрува Северна Македонија да продолжи да го искористува потенцијалот што го нуди дигитализацијата за модернизирање на административните, изборните, судските, социјалните, здравствените, фискалните и економските процеси, за зголемување на транспарентноста и отчетноста и справување со корупцијата и неформалната економија во согласност со правото на ЕУ; ја нагласува потребата да се засили поддршката на ЕУ за владеењето на правото, одржливиот зелен раст, биолошката разновидност, иновациите, конкурентноста, правата на сопственост и враќањето на одливот на мозоци и демографскиот пад; ја нагласува потребата за зајакнување на инвестициите во зајакнувањето и вклучувањето на младите, заедно со мерките за намалување на високите нивоа на невработеност кај младите;

58. Го поздравува спроведувањето на Младинската гаранција во Северна Македонија како програма за намалување на стапката на невработеност кај младите, особено во поглед на економската несигурност и намалените можности за работа за младите поради пандемијата ковид-19; ја повторува важноста на средствата достапни преку Економскиот и инвестицискиот план за Западен Балкан за водечки проекти како што е Младинската гаранција во Северна Македонија;

59. Потсетува дека финансирањето на ЕУ во рамките на инструментите ИПА III и ЕИП за Западен Балкан, што го поздравува, се заснова на строга условеност; нагласува дека ИПА III предвидува дека финансирањето мора да се модулира, па дури и да се суспендира во случај на значителна регресија или постојан недостаток на напредок во обласа на фундаментите, особено во обласа на владеењето на правото и основните права, вклучително и борбата против корупцијата и организираниот криминал, како и слободата на медиумите; нагласува дека е од безбедносен интерес на Унијата и нејзина одговорност да гарантира дека фондовите на ЕУ не придонесуваат за корупција; ги повикува, во овој контекст, ЕУ и земјите од Западен Балкан да ја зајакнат прекуграничната судска соработка и да воспостават рамка за ефективна соработка со Европското јавно обвинителство, особено во однос на финансирањето во рамките на ИПА III; ја нагласува потребата од подобрување на видливоста на финансирањето од ЕУ и од гарантирање дека секоја инвестиција е во согласност со целите на Парискиот договор и целите на ЕУ за декарбонизација;

60. Го поздравува усвојувањето на ЕИП и Зелената агенда за Западен Балкан, кои имаат за цел да го поттикнат долгорочното економско закрепнување на регионот, да ја поддржат зелената и дигитална транзиција и да ја поттикнат регионалната поврзаност и интеграцијата и конвергенцијата со Европската Унија; потсетува на потенцијалот за европска соработка во областите како што се управувањето со водите, технологиите за третман на отпадни води и отпад, обновливите извори на енергија, земјоделските технологии и технологиите за преработка на храна, ИКТ, фармацевтските производи и медицинската опрема; ја нагласува важноста од засилена координација со меѓународните организации како што е Програмата на ОН за животна средина во справувањето со климатските промени и исполнувањето на целите за одржлив развој;

***Животна средина, енергија и транспорт***

61. Ја повикува владата значително да ги засили своите амбиции и да ја зголеми политичката волја за спроведување на минатогодишните препораки во однос на зелената транзиција, особено во контекст на Зелената агенда за Западен Балкан, искористувајќи го потенцијалот на ЕИП за Западен Балкан во оваа поглед;

62. Ја поздравува посветеноста на Северна Македонија за намалување на нето емисиите на стакленички гасови за 82% до 2030 година, истовремено повикувајќи на имплементација на Парискиот договор, вклучително и со усвојување на сеопфатна климатска стратегија и закон во согласност со климатската и енергетската рамка на ЕУ за 2030 година; потсетува дека се потребни дополнителни напори за исполнување на целите за енергетска ефикасност, обновливи извори на енергија, безбедност на снабдувањето и намалување на емисиите; ја повикува ЕУ да ја засили својата поддршка за да се спротивстави на реверзибилноста на одржливата транзиција од јагленот и постепено да ги елиминира изворите на фосилни горива во контекст на глобалната енергетска криза; ги повикува властите да го усогласат законодавството за животната средина и климатските промени со законодавството на ЕУ и да обезбедат негово спроведување;

63. Ја нагласува итната потреба за подобрување на квалитетот на воздухот, особено во урбаните области; силно ги повикува властите да ги засилат мерките за заштита на биолошката разновидност, водата, воздухот и климата, рециклирањето и регионалното управување со отпадот, вклучително и преку сеопфатни проценки на влијанието, соодветни јавни консултации, подобрена меѓусекторска координација, зголемени финансиски ресурси и ригорозно гонење на криминалот во животната средина;

64. Ги повикува властите значително да го подобрат квалитетот на нивните стратешки проценки на влијанието врз животната средина (ПВЖС) и да ја спроведат и применат Директивата за ПВЖС [9]со цел ефикасно да се спречат негативните влијанија врз животната средина и да се елиминира корупцијата во тој сектор; ги повикува властите целосно да ги земат предвид препораките на еколошките организации и независните експерти во однос на предложените измени на Законот за урбанизација;

65. Ја охрабрува Комисијата да понуди целосна поддршка на Северна Македонија во изготвувањето и спроведувањето на акционен план наменет за намалување на зависноста од енергетските извори увезени од Русија, со цел да се зголеми отпорноста и енергетската безбедност, како и да ѝ се овозможи да ги исполни барањата на Унијата за климатска неутралност; го признава зголеменото усогласување на земјата со третиот енергетски пакет на ЕУ и бара да се финализира раздвојувањето на преносот на гас и да се имплементира законодавството за енергетска ефикасност;

66. Ја повикува земјата да ги засили напорите за надградба на транспортната и енергетската инфраструктура, како и регионалното поврзување; ја повторува важноста од брзо завршување на големите регионални инфраструктурни проекти, притоа целосно почитувајќи ги соодветните процедури за потребните сеопфатни проценки на влијанието, вклучувајќи ги железничките и патните коридори VIII и X,

[9] Директива 2001/42/ЕЗ на Европскиот парламент и на Советот од 27 јуни 2001 година за проценка на влијанието на одредени планови и програми врз животната средина (OJ L 197, 21.7.2001, стр. 30).

гасните интерконектори со Бугарија, Грција, Косово и Србија и интерконекторите за електрична енергија со Албанија;

67. Го поздравува отворањето на авионската линија меѓу Скопје и Софија и го охрабрува подобрувањето на другите транспортни врски и отворањето на нови гранични премини со соседните земји;

68. Го поздравува укинувањето на трошоците за роаминг помеѓу Северна Македонија и пет други земји од Западен Балкан од 1 јули 2021 година; во овој поглед, го поттикнува брзиот развој на план за намалување и укинување на трошоците за роаминг со сите земји-членки;

***Регионална соработка и надворешна политика***

69. Ја повикува ЕУ критички да ги процени историски важните безбедносни импликации за стабилноста и единството на европскиот континент и на Западен Балкан во контекст на руската агресија врз Украина; ги повикува земјите-членки да покажат европско единство и официјално да започнат пристапни преговори со Северна Македонија и Албанија, земајќи ги предвид и геополитичките импликации и исполнувањето на официјалните критериуми, како инвестиција во доверба, стабилност, просперитет и тековните процеси на помирување во регионот;

70. Ја поздравува посветеноста на Северна Македонија на солидарноста, мултилатерализмот и добрососедските односи; изразува поддршка за интеграцијата во ЕУ и континуирани чекори за промовирање на контактите меѓу луѓето низ Југоисточна Европа и инклузивна регионална интеграција, приближувајќи го целиот регион до ЕУ преку развивање на Заедничкиот регионален пазар; ја изразува својата поддршка за инклузивните шеми за регионална економска соработка со кои се воспоставува соработка на еднаква основа меѓу сите шест земји, се зајакнува усогласувањето со стандардите на ЕУ и правото на ЕУ и се придонесува во процесите на интеграција во ЕУ;

71. Со нетрпение го очекува претседавањето на Северна Македонија со ОБСЕ во 2023 година како одраз на нејзината меѓународна одговорност и сигурност како членка на НАТО и идна земја-членка на ЕУ, и како придонес кон промоцијата на основните принципи на ОБСЕ во областа на безбедноста, човековите права и демократијата; ја поздравува примерната брза интеграција на Северна Македонија во структурите на НАТО, истакнувајќи го нејзиниот стратешки безбедносен избор и на тој начин придонесувајќи и обезбедувајќи стабилност на Западен Балкан;

72. Ја поздравува континуираната посветеност на Северна Македонија на евроатлантската безбедносна рамка; го поздравува целосното усогласување на земјата со заедничката надворешна, безбедносна и одбранбена политика на ЕУ; го поздравува нејзиниот континуиран придонес во мисиите на ЕУ за управување со кризи и операциите предводени од НАТО; го поздравува нејзиното брзо усогласување со санкциите воведени во контекст на руската агресија насочена кон поткопување на територијалниот интегритет и суверенитет на Украина, што доведе до ниво на усогласеност на нејзината надворешна политика 100%;

73. Го забележува ризикот од растечката економска и енергетска зависност од Кина и Русија во целиот регион; загрижен е за ранливоста и зависноста што произлегуваат од инвестициските заеми финансирани од Кина; ја поздравува посветеноста на

Северна Македонија за осигурување безбедност на границите, како и приватноста и безбедноста на податоците во рамките на иницијативата „Чиста мрежа“;

74. Го поздравува тековниот процес на зајакнување на добрососедските односи со соседните земји и зајакнатата регионална соработка, олицетворени во Договорот од Преспа со Грција и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија; апелира до сите страни да продолжат со конструктивен дијалог за да се обезбеди нивно целосно и доследно спроведување со добра волја, истовремено воздржувајќи се од дејствија кои можат да ја поткопаат интеграцијата во ЕУ и пошироките интереси на ЕУ соочени со странско мешање; ја повикува Комисијата да ги засили своите напори за олеснување на дијалогот и на тој начин да го отвори патот за одржлив и одржлив договор;

75. Ги охрабрува Бугарија и Северна Македонија да најдат заемно прифатливо решение за отворените билатерални прашања; силно го поздравува политичкиот поттик за широкоопсежен, конструктивен ангажман меѓу двете страни, кои бараат нова заедничка основа во повеќе области од взаемен интерес, наместо создавање на дополнителни линии на поделба; ги охрабрува партнерите да го забрзаат овој ангажман со добра волја и во согласност со Договорот за пријателство, добрососедство и соработка и да ги започнат пристапните преговори, притоа решавајќи ги нерешените билатерални прашања содржани во „мерките 4+1“ за да бидат доволно имплементирани и решени за време на процесот на интеграција во ЕУ; ги повикува партнерите искрено да се стремат да постигнат заемно прифатливи, избалансирани и одржливи решенија за отворените билатерални прашања што е можно побрзо; го поздравува продолжувањето на работата на Заедничката мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања на Бугарија и Северна Македонија, со што се зближуваат општествата овозможувајќи заедничка иднина во ЕУ, без притоа да има никакво влијание врз процесот на пристапување на Северна Македонија;

76. Го повторува својот повик за историско помирување врз основа на дефинираната заедничка историја, како што е пропишано со Договорот за пријателство, добрососедство и соработка;

77 . Ја повторува својата целосна поддршка за доследна и забрзана взаемна имплементација на Договорот од Преспа со Грција како важен елемент на билатералните односи, вклучително и очекуваната ратификација на меморандумите потпишани меѓу двете земји;

78. Ѝ честита на Северна Македонија за инаугурацијата на Дијалогот Преспа форум, како регионална платформа чија цел е да инспирира и промовира дијалог, помирување, добрососедски односи и регионална соработка во духот на интеграцијата во ЕУ;

79. Уште еднаш ги повикува сите регионални политички лидери да формираат Регионална комисија за утврдување на фактите за воените злосторства и другите груби повреди на човековите права извршени на територијата на поранешна Југославија (РЕКОМ), врз основа на обемната работа направена од Коалицијата за РЕКОМ;

80. Бара да се продолжи со работа на учебниците по историја во Бугарија и Северна Македонија; нагласува дека текстовите треба да го одразуваат толкувањето на

историските факти и бројки од заедничката историја на двата народи, врз основа на автентични историски извори; смета дека ова е основата врз која двете земји треба да ги градат своите односи и дека односот меѓу идните генерации на Северна Македонија и Бугарија ќе биде одраз на образовните процеси во двете земји;

81. Го осудува секој обид за замена на споменици и/или артефакти, вклучително и уништување на автентичното културно наследство и секој обид за препишување на историјата; нагласува дека ваквите инциденти предизвикуваат сериозна загриженост, вклучително и во контекст на недоволното спроведување на Договорот за пријателство, добрососедство и соработка од 2017 година;

°

° °

82. Му наложува на својот претседател да ја проследи оваа резолуција до претседателот на Европскиот совет, Советот, Комисијата, заменик-претседателот на Комисијата / високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика, владите и парламентите на земјите-членки, и претседателот, Владата и Собранието на Република Северна Македонија.